Антонио Митриќески

# ИСПОВЕД

43.
## ДЕЦА

*На Мики*
*Со големо другарство и љубов*

Во возбуда
Во очај
Во дишењето

Се сеќавам

На автомобилчињата направени од кал

На тарабите на кои висев

На улиците по кои се губевме
барајќи го киното за да ја гледаме првата кино престава

На џамлиите кои ги втурнувавме во песочна шлајка
со скинати патолони, зашиени од бабите

Каде се изгуби играта?

Каде се втурна судбината на попустите амиции?
за да не ме грее твојата топлина
при средбите на молчење,
неможејќи да ја искажам тагата.

"Бидете како деца за да влезете во царството небесно"
Напишано е во најстарите списи единствено дораснати на самотијата во тебе.

Дали може да се избега од судбината?
Од тагата?

Бидете како деца!
И тие водат борба
после која се смеат и радуваат.

Грабни го нивниот свет
на сопствената фантазија и внатрешната стварност

играјќи полн со изненадувања

Молам!
Да го вратам времето
Да почнеме одново

Да ги  втурнуваме џамлиите во шлајка

Да ги растураме автомобилчињата
направени од кал
скриени по подрумите

Да ги кршиме пенџерињата на комшиите

Да се изгубиме во ноќта по Магливите скопски улици
барајќи го киното кое не постои

Да одново се запознаеме на тригодишна возраст
Држејќи се за рацете на родителите

25. 10. 07
Скопје

42.
ПЕХАР

Неговата содржина подарува живот и спас.

Тој хермафродит.

Тој човек.

Тој кој е над сите суштества
и ништо не беше направено без него,
дури ни обликот на светот.

Тој е пехар од кој пророкува кралот
шепотејќи  му немо да ја говори
скриената тајна на свадбените свечености
каде Исус водата ја претвара во вино и крв.

Тој е почеток на сите големи чуда.

Ја отворив устата,
како да беше наполнет со вода обоена со оган.
Го земав и пиев.
Моето срце го обзема спознаја.
Мојте гради се наполниа со мудрост.
Тајна мажественост,

наполнета со женско знчење.

Симбол кои ги соединува замрсените врски
на пагание и христијаните.

Пехар од кој пиеше Гете пишувајќи го Фауст.

Каде се рефлектира спојувањето на сонцето и месецот
започнувајќи ја драмата која почнала многу одамна
во дамнешни времиња и се протега во далечната вечност
на освестување на човештвото, бегајќи
од гушењето на индивидуалноста
и ранетото христијанство.

А.М.
Пробиштип. Авг. о7.

41.
МАГАРЕ И СТЕБЛО

Се јавило чудовиште,
личело на магаре,
поточно тоа било индиско диво магаре.

Во некоја книга
постоело исто такво небесно чудовиште
со крила на јастреб,
глава на слон и змиска опашка.

Сепак чудовиштето било магаре
кое стоело во океанот
наликувајќи на стебло
кое расте од песокта.

Магарето и стеблото биле
Сродни поради снагата.

Магарето го јадело стеблото,
а тоа било истото стебло
од кое на Адам му било забрането
да јаде и кога тој од него јадел
неговиот ангелски лик се променил
во човечки.

Стеблото можело да се промени во било кој лик.

А.М.

Пробиштип. Авг. о7.

40.
ЕЛЕН

Во неговите рогови несовладлива убавина
која ја посакуваат сите убавици за да го љубат,
барајќи го во човечки лик.

Рогови барани од сите ловци
за да бидат восхитувачки трофеи.

Кревки рогови со несовладлива јачина
пробивајќи се што им стои на патот.

Противотров за да се ослободиш од
неизлечивите болести
и да не ги чувствуваш боловите од раните.

Рогови кои даваат зрелост и совршенство
за траги кон рајската земја,
осветлена од месечевиот небески рог.

А.М.
Пробиштип. Авг. о7.

39.
СКРОТЕН

Како бел еднорог кој се крие во пустините
и планините
во најдлабоките темни дупки помеѓу желките
и другите одвратни влекачи,
а уловен лежејќи на скутот на невестата
која му е фрлена пред него за да и скокне,
потоа со љубов однесен во кралевскиот дворец.

Како прекрасна бела голубица на која и даваат крила.

Како душата на елен

Како духот на стеблото кое воскрснува.

Како орелот и змијата во заеднички танц.

Како силниот и див лав.

Како змејот што го сретнав во пештерите.

Како рогот на биволот кои носи среќа.

А.М.<br>Пробиштип. Авг. о7.

38.
СУДБИНА

Секако дека ќе те прифати таа
судбина која ја носат луѓето без дух.
Затоа свати ја тајната и приблжи се
до стеблото на преобразбата.

Застанат како пеликан на врвот на карпата
Под која пенуваат таласите.
Распнат на стеблото на животот носејќи ја
легендата на крал кој немал потомство
и плачел на врвот на карпата
 заради својата неплодност,
хранејќи се под крилата на сонцето
со надеж дека поново треба да се роди
и со желба поново да се врати во мајчината утроба
скриен под нејзините хаљини доека таа не го отели
со себе и во себе.

Јадејќи ги рибите што ги носи пеликанот
се роди детето кое помина во сјај на сонцето
и се усмрти со соединување со месецот
за поново оживеани се подигнат на небото
за да телото и душата им бидат преобразени
и поставени на престоли меѓу облаците
привлекувајќи со својата сопствена достојанственост.

А.М.<br>Пробиштип. Авг. 07.

37.
СЕМЕ НА МУДРОСТА

Ти блескаво лице
подигни се од огнот.
Ти кој се растворуваш сам од себе
Оплоди ја невиноста.

Јави го во котелот силниот Македонец,

безбоен и нов

Блиставиот лик, совршен како полн месец
се појави од пламените јазици.

Гледајте!
Повово се роди!
со ново име и магиска моќ.

Тоа е небесната тајна
посветена на името Божјо.

Пробиштип
Авг. о7.

36.
УМЕТНИКОТ

Како исправен камен
на морското дно
кој со векови пати.

Како полжав
кој ментално трпи
кога ќе излезе од својот оклоп
за да го продолжи патот.

Како корен исправен на дабот
покажувајќи ги на изгрејсонцето
својте неуротични жили.

Како леопард во кафез
што ја покажува својата
психичка состојба кон посетителите
кои му даваат додатна сила
да со голем интензитет
скокне со своето дело
инспирирано од возбудувањето.

Аланиа, авг, 07.

35.
ВРАТА

Во мигот кога те видов

те поканив да влезеш
низ вратата што ја подотворив пред тебе.

Чекорот ти беше несигурен
и збунето ја гледаше просторијата
низ вратата што ја подотворив за тебе.

Светлината ти нанесе премногу болка
кога ја затворив вратата зад тебе.

Аланиа,
Авг, 07.

34.
БАРАЈЌИ...

Ги прелистувам таласите
Барајќи го истото она што го барав
во претходните таласи
кои ме турнаа во свеста помеѓу звуците и зборовите.

Ги прелистувам зборовите
кои се толку неважни
барајќи го истото она што го барав во предходните зборови
кои ме турнаа во празнината.

Ја прелистѕвам празнината
барајќи го она што незнам да го најдам
наслушувајќи ја тишината
испод вревата на звиците испеана од тебе.

Авг. Аланиа. 07

33.
БИДИ ТУКА КАДЕ СИ

Гледај ја светлината
Гледај ги облаците
Гледај ги хоризонтите.

Слушај ја песната на галебите
Наслушувај ја пењата што жубори од таласите
Наслушувај ја песокта.

Допри ја тревата
Допри го каменот
Допри ме мене

Алaниа,
Авг. 07

32.
ТРАГА ОД СЕЌАВАЊЕ

Месечината нема сопствена светлина,
таа ја рефлектираше светлината
од сонцето преку тебе
во утринските призраци.

Трагата ја зачував во умот
од минатото
кога се возев со возовите.

Те проектирам во иднината,
иста ли си во мојот ум?
Ти девојко од северот.

Не знам дали си реална,
пошто кога те идов последниот пат
ти не беше таа.

Пробиштип
20. 08. 07

31.
МЕ ЧУДИ

Секогаш ме чуди  што
луѓето ме препознаваат по тоа
што сум Тони Митиќ.
Потоа што сум
помал брат на Игор.
Што сум возел Симка Матра- џип.
И по кафиот "Простор"

Што сум сум син на Боро Митриќ.
И син на Марушка.

А.М.
Аналиа
Авг, 07

30.
## ЉУБОВТА НА КОЧО ТОПЕНЧАРОВ

Вечноста минува,
фреските избледеа,
песокот ги полни видувањата.

Тивок чекор.
Спокојно крцка вратата
за да го отклуча катанецот.

Некој предмети ја минуваат просторијата
во која времето е застанато.

Во покраината каде се наоѓа езерото
вечноста повново минува.

Му препишав љубавна авантура,
го обвинија за изопаченост,
го обвинија својте,
го обвини пријателот.

Летописите раскажуваа
дека е симбол на неизвесната вистина
за  да се вкорени лагата.

Песокот напиша:
"Кочо заминал од другата страна
на Охридското езеро да си ја земе љубената
кога границите се затворија 48 лето господово.
Кочо е човекот кој порати љубов
животот во затвор го помина".

По двете страни на езерото се слушала смеа,
биење на камбани и звук на прапорци.

Зборовите  порачав во филм да се врежат.

Сеуште стој кајчето превртено на бегот
под жалната липа
и случајно покрај црквиче кое за да
го отворат треба долго да го бараш
клисарот за да ја видиш фреската
за која велат дека Марика е уште толку убава.

Планината Галичица го набљудуваше случајот,
збор не изусти,

таа неможе судбината да ја толкува,
ни да ја посее по земјата.

Драч
Јули 07

29.
ЖОЛТО СОНЦЕ

Хоризонтот се повлекуваше.
Криците на лебедите стивнуваа.
Преку езерото планините се
разретчија од облаците.
Дувна ветар.
Во треперењето на лунапаркот
времето ги оставаше својте траги.
Се слшаше лаење на куче.

Закаснета рефлексија
се појави во мислите на девојчето
кое знаеше дека не припаѓа
на светот кој ме опкружува,
се засолна во мојата прегратка.
Срцето ми се стопи.

Велеа дека цела ноќ се тресела
и неможела да се смири.

Го напушти светот во близина на сестричката.
Исчезна лунапаркот на кои си играа нашите дедовци.
Исчезна Велестово со водата од нечујното езеро.
Исчезнаа автобусите што чадат.

Ветрот запре.
Облаците заминаа.

Добро дојде сонце!
Ти што ги осветлуваш античките мигови.
Ти што ќе и го покажуваш патот кој ќе го следи
и ќе и подари моќно оружје на благослов.

Добро дојде сонце кое залез немаш.

На Настасиа (На седум години)

Драч,
07 јули

28.
ПРВОТО БАЊАЊЕ

Газам по песокта  вжештена од сонцето.

Мојте прашања што ме измачуваа
се бескрајни,
несвесна за отсутноста на татко ми.

Зошто таласите прават пења?
Зошто змијата нема нозе?
Зошто времето е темно?
Запали го сонцето!
Зошто водата во морето е солена?

Прашував...

Што е тоа злато?
Што е ова тато?

Како се прави чоколадо?

Јас имам две и пол години
и умеам да пеам.

Се држам за раката на татко ми.
Влегувам во морето.
Таласите шумолат и ме удираат по носето.
Птиците летаат и го бараат сонцето.
Водата врие.
Од мене се разбиваат таласи.
Склопчена се борам со стравот,
се обидувам да го прилагодам дишењето.

Го стискам тато со рачето,
кралството со кое тој владее ја совладува водата.

Ме крена,
Го гушнав и го стегнав за вратот.
Стравот исчезна.
Слободна летам со раширени раце,
небото испрува.

На Мариа. (На  две ипол год.)
Драч,
07 јули

27.
ВИСТИНСКАТА СЦЕНА НА ЕРНЕСТО САБАТО

Осамена плажа и една жена
што го гледа морето.
Жената како да чека нешто.
Целосна осаменост.

Сцена многу користена во литературата  и филмот.
Сцена која ја видов на плажата во Драч,
незнаејќи дали жената на осамената плажа
што го гледа морето
знае дека знам за тоа дека можеби
и таа знае за оваа плагијат сцена.

Порака на очај,
да  ми изгледа како порака на очај.

Драч
Јули 07

26.
ЦРВЕНО СОНЦЕ

Крај на светот.
Никого не оптужувам
Веќе не ми зборуваат дека сум луд
и дека целиот свет го правам болен заради себе.

Лошиот сон раѓа
миг и леснотија на потполно уништување,
полош и од најлошиот Џган.

Ах, тоа недостојно однесување
кое е потврда на мојата сопствена нискост.

Драч,
Јули 07

25.
ТАТНЕЖ ОД МОЈОТ ФИЛМ ВРЕМЕ

Порите ја ослободуваат кожата,
слепочниците се стегаат,
времето застанува.
Ги посматрам трамбаите
како гордо спијат во својте гробишта.

Фасадите ја отсликуваат фактурата.
Мојте чекори во ехо по празните дворови.
Силуети преку испуканите прозори
низ кои им се гледа белото брашно
по темните костими
веќе зацрнето.

Обновеното време на транзицијата
нажалост ги наталожи слоевите извиткани во просторот.

Некоја сенка пие пиво во предградието.
Го визуализирм сеќавањето од мојте студентски денови.

Смрта на просторот е во мене,
не се брише.

Го префрливам на моето рамо црниот долг шинел
и виолетовиот шал.
Чекорам,
ми треба помош за да не се избезумам,
паметот да не ме напушти.

Јоланта ми се обраќа:" Добар ден пание Антонио"
Во нејзиниот израз ништо,
ама баш ништо неможам да пронајдам
што би можело да се задржи во мојата
визуална меморија која ја рефлектира
стварноста во биљони честички расфрлени низ космосот
и не може да ги изрази правите чувства на татнежот.
"Добар ден" се одрази мојата недоверба.

Чекори по улиците,
 сеќавање во месец ноември.

Се будам во градот Лоѓ
во мојте студентски денови
за да ги посматрам трамваите,
тие грдосии на времето кои ме
носеа од домовите во школите.

Со раце длабоко во џепови
ги поминувам киосците,
веќе одамна не читам,

бескорисно е.

Порите ја ослободија кожата,
Слепочниците се опуштија,
Времето продолжува.

Драч
Јуни 07

24.
ДНЕВНИК

Лежам на лежалка,
спијам,
телото ја ослободува мојата аура,
ги шири рацете,
се лизга во ноќта барајќи светлина.

Наеднаш се сеќава на мене,
ме бара,
тука сум, иако онемен му довикнувам.

Поново викам со глас од бунар.
Телото не може да ме пронајде.
И мене ми олеснува.

Месечината проговори.
Болките не ги чувствувам ,
А и не ме мачи вчерашната караница.

Лета, небото не го урива.

Се смешкам.
Тајната ќе оди со мене во гроб.

Корча, Јули 07

23.
ВРЕМЕ

Староста како кај лудиот,
тој не старее,
староста е скриена во побелените коси
во духот недопрен од времето
чии ритам отчукува во свој сопствен свет.

Времето е наталожено на мојте панталони,
На мојата наткасна,
На мене, кој не се дава,
А разбира дека во неговата работа и одоколу
Времето е најважно, а тоа сепак е релативно.

На изгрејсонцето,
На раѓањето на денот
Видов како остарев,
Ги престигнав останатите
За стотина години
Со една заспана старост.

А.М.
Скопје, јуни, 2007

22.
ПРЕДОДРЕДЕНО

Се е добро
Се е предодредено во хаосот околу нас

Се што ќе се случи однапред е напишано
некаде во длабочините на небесниот свод
кој не притиска врз рамениците

И доброто и лошото

Патејќи ни треба тој знак за да се воздигнеме
повисоко над нашата површност

Се е предодредено во хаосот околу нас

Сарај, мај, 2007
А.М.

21.
ЗБОРОТ

Ти ја имаш моќта на говорот

Каков звук или пишан збор?

Ти ја имаш силата на говорот
Животно кое го има најсилното оружје
на најубавиот сон или уништувањето

Силата на пеколот
Силата на црната магија
Силата да го измениш животот ма милиони луѓе

Ти го имаш никулецот на мислата
која почнува да расте на плодниот човечки ум

Ти го носиш плодното тело
на  семето на стравот и семето на љубовта

Ти ја носиш моќта на говорот
и сомнежот што го сонува нашиот ум.

Скопје, феб, 2007
А.М.

20.
ПОНОВО РАЃАЊЕ

Игра на бои, светла и звуци

Инспирација
Се полни телото во ритамот

Црвени светла
го исполнуваат звукот
Сепак поезијата е важна во секој медиум
Дар од господа

Бели светла
Ритам на светла и музика
Присуството на еден човек го расипува уживањето
Нежната чипка е блиску до господ
Сепак браво
Голем аплауз

Темнина
Низ црни светла изникнуваат силуетите
Испраќаат пораки
Како да ги запишам емоциите?

Дали зборот е важен?
Мислата бега
Кои чувства не прават подобри?
Сепак пораката на содржината е важна
Темни бои со ниски тонови
Светлиот тон ја повикува веселата боја

Портокалова
Бојата на изгревот
На раѓањето
Ритамот на звуците и светлата се повторува

Жолто
завршува во длабок тон
благодарност
толпата вика
восхит
крајот е бел, не параќа во ново руво
Ќе се вратиме
Сепак не умираме
Почнуваат повторно ударите
Триунфот се постигнува со борба
Во моите мисли и сонови сум изгубен
Љубовта зрачи
Се плашам се будам

Плаво
Светлината поминува во помаранџова
и повторно во плава
Се вратив во моето место

Затемнување

Зелени детали и бели прамени
Со бел фенер на главата
поезијата сама пробива
Се труди да погледне
Светлото се врти
Светлото лета
Светла обоени во перспективата на хоризонтот
Го гледам твоето лице во мојот сон
Песна на ангели во хор
Мојот глас оживеа во изгревот
Успеа
Поново раѓање

21. 01. 07
А.М.

19.
## ТРИ ПРАШАЊА ВО ЗИМСКО ПОПЛАДНЕ

Прво: Ја посматрам Слаџана.
Жените со нивните деца, тоа е глетка што не предизвикува растројство.
Девојките кои најмногу сум ги мамел, најмногу сум ги милувал.

Второ: Се обидувам одново да го решам моето парашање-болест?
Зарем можам да им ги затворам усните...
Полошо е кога тој-некој ми кажува
што зборувале и зборуваат за мене.
Во свој филм се, лошо измонтиран со претпоставки
надвиснати над нивните глави,
го менуваат мислењето со почит на површноста...
И бегај од тие што ти прават непокој - поново го учам
повтореното за да се впише во мојата меморија...
И биди со тие што пазат што зборуваат, оти зборот е се
- Си ја повторувам молитвата.

Трето: Не знаеме кога работите се случуваат во животот,
кога патиме добиваме,
животот е нерешливо прашање.

Можеби касно извлеков одредени поуки од она што го доживеав.

А.М.
Малта. Јан 2007

18.
## ПЕЈСАЖ ВО МАГЛА

Кога сум во Скопје ми фали простор.
Никој не може да го почувствува гушењето во
котлината во летата како мене,
или пак во пејсажите на магливите зими.

Кога сум во Скопје тежок притисок
навалува врз рамењата и рацете.

Како во огромен кафез откако изумре Битпазар
и стана простор на сенки опкружен од аури
на стари темници каде сум минувал,
а, ноќите на плоштадот се осветлени без сенки

на минувачите.

Не можам да го победам стравот кога сум во Скопје,
кога заминувам сум спасен од што?
Од луѓето на кои повторно им се враќам
и сме нурнати во истиот предел.

Зад планините празен простор,
хоризон со разретчено небо.

Скопје го трпам и го припомнувам
како пејсаж во магла.

А.М.
Малта, јан. 2007

17.
НЕПРИЈАТЕН

Сум непријатен,
потоа се каам.

Не сум пријатен кога седам на маса,
а од другата страна шепотат зборовите
на мојте драги пријатели
рекле, кои - што рекле
се разбира за мене.

Ми сака душата да го изблујам гневот.
Можеби и не одма.

Сум непријатен
за да не ме отрујат

Сум непријатен.
Можам се да истрпам,
а не да се воздржам.
Да, постои тоа
да ми кажеш и да го извлечеш мојот бес.

Сум непријатен
за да не го пуштат отровот,
да останам чист и недопрен.

Сум непријатен
кога зборуваме за вообичаеното однесување.

Сретнав една личност
што ништо не ми рече

и одговори на сите мои парашања.
Бев среќен кога од другата страна шепотеше тишината,
на станување се поздравивме.

АМ
Малта 03 01 2007

16.
ЗАБОРАВАЊЕ

Се загубив во делото,
во веродостојноста,
али заборавив...
и го уобличив својот живот
во поносот што го има уметникот
да го издржи своето дело.
Заборавив...
Тоа ме опстана,
како на некој цинизмот за да продолжи да мами.

Малта 02.01. 2007

15.
ФОТОГРАФИИТЕ ОД МОЈОТ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Гледам една дигитална фотографија во телефонот
штотутку ја сликав,
таа нема да се изгуби во некоја фиока
таа ќе исчезне незабележана.

Ги вртам и другите фотографии.
Наоѓам и свои.
Размислувам.
Фотографијата од мојата младост без која неможе да се живее веќе е направена.

Има нешто во фотографиите повеќе одошто барам во луѓето,
а кај нив го нема..
Невиноста и што ништо не се знае...

Фотографијата што сега ја гледам е со слаба резолуција,
ништо слично со фотографиите од мојте баби

Продолжувам да гледам барајќи
опсервација околу која се движи мојата професија,

никако да ја достигнам во неколку едноставни фотографии
на портрети кои се најубави хоризонти
и кои ги барам по светот
кои можеби живееле во времето без фотографии
бидејќи ништо не останува после смртта
освен аура на духот и името кое усеало да ја надмине
материјата без белег.

Повторно сликам со мојот дигитален апарат кој
воедно е телефон за да помогнам на сеќавањата
на верувањата на луѓето, поврзувајќи ги како во филм-документ
за другите во иднина да го фатат сегашниот момент.

Ги гледам фотографиите во мојот телефон
проверувајќи дали ја потврдуваат смртта
и барајќи ја нивната смисла,
или пак гледам да се видам себе си во сликите фатени во тој единствен миг
и секогаш зачуден пред својата веќе одамна направена.

Го затворам телефонот и таа лажна можност што самиот ја составувам
во фантазијата која одлучува која слика сака да ја задржи,
за одново да ја најде кога ќе посака
пред да избледи од сеќавањето.

АМ.
Малта, 01 01 2007

14.
## ВЕЛЕСТОВО

Чудно место за престој
Единствено без да се празнува

Како да не го сака уживањето
а сепак ме проси да му се предадам
на одморот и безделничењето

Таа света служба на секојдневие

Чудно место за престој
Ме маѓепсува
Ја попушта напнатоста
Ме прави среќен наутро
понекогаш напладне
под лозницата додека сонувам
пред Охридското езеро
А некогаш и ноќе
под ѕвездите распослани

и се пренесувам и присетувам на стравот

Чудно место за престој
Каде облацте се шеперат
високо над планината Галичица
И невремето ги гасне сите светла
за да се појават ноќните жители по
белите зидови
а бувовите слетуваат ниско на врвот од таванот

Тогаш ми се присторува дека сум дојден
во земјата на месечината
каде луѓето исчезнуваат
и останувам сам со мојте предци
кои тивко ги наслушувам
како шепотат зад мојот грб

Чудн место за престој

А.М.
Ноем. 2006

**13.**
**САРАЈ**
*(на татко ми Боро)*

Моето детство е Сарај
Од куќата до самопослугата и назад
Од кривината на реката Треска
каде секогаш бевме во вода и назад

Моето детство е Сарај
Од куќата каде бевме боси покрај ѓумовите заедно со децата на комшиите
Беше празник на големо братство помеѓу децата

Во тие денови татко ми Боро се смееше од задоволство

Куќата пред која се исправаат планини на кањонот Матка

Куќата каде дождот е пороен и стално не накиснува паѓајќи од стреата
и ја калосува земјата по која треба да поминам

Раскажа некој: грмотевиците влегувале преку каминот направен од рацете
на татко ми, па се држев понастрана од него

Куќата каде се изникна диво, едноставно, незавршено и природно

Куќата каде се враќам на неколку минути

како корен кој се доближува до влагата за да ги пушти својте зелени лисја
со желба кон височините

За да го помирисам мирисот на склуптурите  кои го
запреа и одбележаа времето

Куќата која остана длабоко во мене со целата мистика и единственост
на сите силуети кои внатре ги искажале својте чувства

Во собите каде ги носевме првите девојки и се учевме да бидеме добри
љубовници

Каде снимавме и цртавме

Каде висат слики на сенките на нашите дедовци

Каде се создадовме и ги носиме спомените во прекуокеанските
земји за да пробаме таму да ги оставиме

Каде треба да се сменат цревата за поливане на цвеќиња во купатилата
и гостите да се обучат да извршат нужда

Куќата која носи корени на почетоците на ова парче земја
втемелена во историјата на антиквитетот

Каде секогаш е празнично братство за присутните

А.М.
04 ноем. 2006 (падна првиот снег таа година)

12.
**ПРОСТУВАЊЕ**

Страв
Бол
Тага
Чувство на напуштеност

Проштевам

Контакт со светот
Контакт со таа топка

Проштевам

Најпрво ќе посегнам по вистината
ќе ги отворам своите рани
отровот ќе го исфрлам

раните ќе ги залечам

Проштевам

Да го сторам на тие
што ментално оболеа од стравот и зло ми нанесоа

Проштевам

Бол
Бес
Тага

Проштевам, али не што заслужија

Проштевам

Се сакам и не сакам да плаќам

Му простив на господ
можам и себе

Слобода
Почеток

Проштевам

Вистината е скалпер
Ја додирнав раната
и не чувствувам бол

А. М.
Скопје, 23 окт, 2006

11.
## КАКО

Како да ги запишам
звуците на темнината.

Како да го запишам
зборот никогаш ненапишан
а да биде изведен од мојот
корен на битието.

Како да го најдам мирот
и тој дух да лебди спокојно.

Како да го најдам местото
и тоа тело да стои спокојно.

Како да ги отфрлам мислите неважни
и да лебдам во бескрајот на тишината
со раширени раце
кои лесно го управуваат моето тело
сторено во дух.

А.М.
15 окт. 2006-10-15 Пробиштип

10.
НЕ ТЕШИ МЕ

Во недостиг на господ
Не теши, не

Не го збогатувај психолошкиот простор, не
Не ме крепи во мојата лудост
Неа никаква уметност не може да ја замени
Илузијата на творештвото е тука неа да ја замени
Не, не теши ме

Смртта доаѓа бргу
Онемување
Темница
Неподвижност

Не, не теши ме

А. М.
Б. Окт 2006-10-14 Пробиштип

9.
БОЛ

Си ја лечиме душата
Болот

Боли болката
Боли нешто
Боли нешто древно

Само болката остана

Кој се справи со болката?

А. М.<br>Банско, септ. 2006

8.
## ПРОСТОРОТ ЖИВЕЕ

Ги затворив очите
Тонев свесно во мислите
Во историјата на времето

Ги отворив очите
Потсвеста беше темна

Се борев за светлина
Вечната борба на светлото и темнината

Па тука е исто како и пред векови

Просторот живее

Продолжив да ги запишувам мислите
Нешто како биографија
Точна и вистинита

Истите луѓе
Истите патеки
Истите мириси

Зарем знаеме нешто што било вчера?
Ни јазикот не си го знаеме, ни писмото...

Истите луѓе
Истите патеки
Истите мириси

Ги затворив очите
Потонав свесно
Сегашноста викна

Иднината ме заслепи

Истите луѓе
Истите патеки
Истите мириси

А.М.
Банско, септ. 2006

7.
## КОГА ЌЕ НАПИШАМ ПЕСНА

Кога ќе напишам песна
Извира нешто од мене

Кога ќе напишам песна
Мир ме облева
И душата зборува

Има ли нешто да соопшти
Таа избира

Кога ќе напишам песна
Мускулите ми се олабавуваат

Тоа вулканот својата лава ја фрла

Кога ќе напишам песна
Мислата е мирна
процветана низ тајниот лавиринт
на нешто неискажано до крај,
а сепак длабоко и топло
што може да ги згрее срцата

Кога ќе напишам песна
Асоцијацијата допира
како струна

Кога би можеле..
Кога би можеле!

Кога ќе напишам песна
Потсвеста шепоти со тајните на древното

Кога ќе напишам песна!
Изгрева сонцето, а месечината заоѓа

А.М.
Бањско, септ. 2006

6.
МАЛОТО КУЧЕНЦЕ

Таа ноќ не беше лоша

Се уплаши
Погледот му остана вкочанет
Да, климна со глава

Улицата беше пуста
Излегував помеѓу бараките
Контењерите празни

Трепна, дали да ми пријде

Не е гладно
Љубов бараше
Наполно збунето вртеше со опашката

Се одалечив

Писна, климна полека со главата
Почна да оди по мене

Одев внимателно

Мачка не демнеше
Готова да го линчува
И други излегоа
Демнеа
Само главите им зиркаа од контенерите

Обична, празна ноќ
Какви што се ноќите во градовите на Балканот

Седнав молчејќи на тротоарот
Како дете ќе го земев со мене
И, ќе ме искараа...

Не се плаши

Косата му е црна и бела
Токму како што сакав

Се упати право кон мене
Како кон свое легло
Легна
Го сврте лицето кон мене
И ги привлече колената накај себе
Ја спуштив раката многу полека
Тоа го искриви вратот
Долго и жално ме гледаше

Што сакаш?
Гласот ми одзвонуваше во ехото

Никој во ноќта, пуста улица
Контениерите празни

Какво кученце?
Сакав да го зграпчам и земам

Какво кученце!
Го ставив на својот мев

Изгубено или оставено

Подарок ли да биде?
Кому?

Ги пружив рацете
Го кренав
Така го галев криејќи го месецот со него

Кученце и месец...

Не се ни помрдна
Мирните очи го гледаа месецот, потоа мене
Ни трунка злоба

Да го пуштам...
никаква штета

Улицата беше пуста
Темницата се креваше зад бараките

Јас, кученцето и месецот

Како вејка се појави кучка, по неа стар пес
сиот вкочанет од реуматизам

Здраво! Реков

Застанаа и ме поздравија

Стариот пес спокојно се врати внатре во дворот од каде
излегуваше муграта

Кучката отиде на другиот крај од бараката
по неа малото кученце вртеше со опашката

Силуета на човек со набран нос го мирисаше воздухот
Господе ама смрди, гласот ми одзвонуваше

Малото кученце одмина

Чекорите ми  одзвонуваа во ехото
Не таа ноќ не беше лоша
Улицата остана пуста во муграта

А.М.
Банско, Септ. 2006

5.
МОЈАТА ПОЛОВИНА

И целата љубов не ме направи среќен

Каде беше љубовта према дрвото и
Љубовта према кучето
А може и облак да биде

Една цела цела половина

Сонувачот е една половина
Сонот е друга половина

Се сакаме толку да еден на друг не сме потребни

Од страв и самоотфрлање
кон љубов према себе
кон моќ и снага
Од патња во среќа

Тогаш сонцето
Непрестано и несебично шири светлост

Една цела цела половина

Јас сум човечко суштество
Јас сум бог
Јас сум дух
Кој поминува преку вас

Мојата половина на љубовта
Е мојот израз на убавина

Ако животот е сон
мојот сон е уметничко дело

Целата љубав
И љубовта према дрвото
И љубовта према кучето

А може и облак да биде

А.М.
Пробиштип
09. 09. 06

**4.**
## НОСЕН ВО УТРОБАТА НА ВЕТРОТ

Таков ќе биде нашиот сакан
Погледнете го како е поубав од сите луѓе
И на чиија убавина се восхитуваат.

Ти си мој син, денес те створив
Зборуваше...

И потклекнаа и чаробњаците од исток.

Земјата е тешка, носи се
го товари темелот на целото небо.

Во сопствен хаос
Водите се собираат во едно
Ги раздрмаа карпите
Тоа беше чудесна вода
И потоа се појави сувото
Каде што тој беше жеден и пиеше вода
Додека и самиот не се растопи.

Таков ќе биде нашиот сакан
На чија убавина ќе се восхитуваат.

A.M.
Пробиштип
08. 09. 06

**3.**
ПОХВАЛА НА ЛУДОСТА

Со свечен тон искажа безазлени работи
А со тон на љупкост најсериозни работи

И се изложи на внимание
Сиуацијата го прекри со заборав

Ја инкарнираше иронична свест

Во црвени бразди ја зави тајната на мудроста
Во сонлив молк реалноста ја покажа

На боговите ли да си сличен?

По другата страна на привидот
По другата страна на комичноста
Почива ли продорната спознаја?

Луѓето не се мојата слава

Со свечен тон искажа безазлени работи

А.М. Скопје
01 09 2006

**2.**
(НЕ) ЗАВРШЕНО ДЕЛО

Небото се спушти на земјата
И земјата се стори духовна и небесна

Небото се поврза со земјата
И се преобрази земјата во вода
Водата во воздух
А воздухот во оган

Сепак душата се мачи во телото

И пак се спушти небото
Да ни ја спаси душата

И ја зафати душата на тие што умираа

И вечно светло....
Сонцето со својте зраци ги исчисти и ги предаде на месецот
И месецот стана полн

Една силуета рече - јас сум единка на мудрите
Сосем непозната на глупите
Кој мене ме слуша, тој не се страми
И кој со мене работи тој не греши...

Мудроста почна гласно да извикува по улицата
На плоштадот го крена својот глас
Проповедаше по бучните агли
На отворените гратски порти ги кажуваше својте зборови

Творецот и творбата ќе постанат едно
И старецот и детето
И таткото и синот

Небото се спушти на земјата
И се преобрази земјата во вода
Водата во воздух
А воздухот во оган

А.М.
Пробиштип 23 08 2006

1.
**ЈУЖЕН ВЕТЕР**

Големиот јужен ветер кога дува
Ги подигнува облаците
Го крева и морскиот облак

Свемирот се врти

Ротира небото во свеста

Душевна искра

Убава девица како створена за наговарање
Се појавува  во машки ту во женски лик
Оплодена со семето на пеколниот оган

Големиот јужен ветер го крева морскиот облак

А.М.
Грција (Враста) 08 2006

**Матеја Матевски**

## СТИХОВИТЕ НА АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ

Антонио Митриќески кој ѝ е познат на македонската и мегународната културна јавност како активен творец во областа на филмот со некулкуте свои остварувана како режисер и сценарист ( долгометражните играни филмови „Преку езерото“ „Како лош сон“ и други), сега му нуди на книжевниот љубопитник грст стихови пишувани во текот на 2006 и 2007 година.

Со ова „отклонување“ од основната своја вокација тој ја потврдува склоноста и поривот на еден современ уметник да го искаже во повеќе творечки области и жанрови своето чувствување на светот, творечки феномен што му го оставија во наследство на светот големите уметници од минатото, особено на ренесансата. Треба веднаш да се истакне дека тоа „отклонување“ на Антонио Митриќески е занимливо по својот инспирациски зараб и успешно по својот литературен исказ, станувајќи привлечно четиво за сензибилитетот и возбудите на современиот човек.

Поетскиот ракопис на Митриќески го сочинуваат педесетина песни и тие преставуваат една низа од чувствувања и доживувања што по сензибилитетот и по својата поетичка структура, пред сè по едноставноста на јазикот и исказот и по медитативноста на опсервацијата се обединуваат во една поетска целина. Таа низа од песни пишувани и датирани во текот на две години во различни места на престојот (Пробиштип, Драч, Корча, Скопје, Малта, Грција, Монтреал, Велестово, Сарај, Банско) преставува еден специфичен творечки дневник во кој поетот ги пишува својте катадневни дожувувања, делнични и метафизички, од реалиите на виденото, од замисленото и мисленото, од чувствувањето и доживувањето на интимата, од опсервациите и размислувањата за филмот, уметноста и на чинот на творењето.

Антонио Митриќески пишува едноставно, згуснато, читливо, нудејќи возбуди на поетското и едно своевидно поетизирано видување и доживување на светот во себе и околу себе.

Март 2008